Внатрешна и надворешна трговија и производство
ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво - Скопје

| Примено: 06.05.2026 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 179/4 | | |


Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва и член 41 од Статутот на Друштвото за внатрешна и надворешна трговија и производство Технокомерц акционерско друштво Скопје, Одборот на директори на Друштвото, на седницата одржана на ден 06.05.2026 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за свикување на Годишно собрание на акционерите

**Член 1**

Се свикува редовна годишна седница на Собранието на акционери на Друштвото за внатрешна и надворешна трговија и производство Технокомерц акционерско друштво Скопје, за разгледување на прашања поврзани со работењето на Друштвото за деловната 2025 година.

**Член 2**

Редовната годишна седница на Собранието на акционери се закажува да се одржи на ден **08 јуни 2026 година (понеделник)**, со почеток во **11:00 часот**, во деловните простории на Друштвото, на адреса: ул. Јадранска магистрала бр. 56, Скопје. Седницата ќе се одржи по пат на јавно свикување, во согласност со одредбите од важечките прописи и Статутот на Друштвото, со следниот дневен ред:

**I. Процедурален дел:**

1. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери или нивни полномошници;
2. Избор на претседавач и работни тела за водење на седницата;
3. Усвојување на дневниот ред.

**II. Работен дел:**

1. Донесување Одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2025 година;
2. Донесување Одлука за усвојување на консолидираната годишна сметка, финансиските извештаи и консолидираниот годишен извештај за работењето во деловната 2025 година;
3. Донесување Одлука за усвојување на Извештаите на независниот ревизор за извршената ревизија на единечните и консолидираните финансиски извештаи за деловната 2025 година;
4. Донесување Одлука за распоредување на нето-добивката остварена по годишната сметка за 2025 година;
5. Донесување Одлука за исплата на дивиденда за 2025 година и утврдување на дивиденден календар;
6. Донесување Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2025 година;
7. Донесување Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка за 2026 година;
8. Донесување Одлука за усвојување на Дивидендната политика на Друштвото за периодот 2026–2030 година.

**Член 3**

Јавниот повик за свикување на редовната седница на Собранието на акционери да се објави во дневниот печат – весникот „Нова Македонија", на официјалната интернет-страница на Друштвото, како и на интернет-страницата на Македонската берза на хартии од вредност преку системот СЕИ НЕТ.

**Член 4**

Јавниот повик треба да ги содржи сите задолжителни елементи согласно член 388-а од Законот за трговските друштва, вклучително и: дневниот ред на седницата, предлог-одлуките што ќе се разгледуваат, образец за полномошно за застапување, упатство за начинот на гласање, како и информации за начинот на кој материјалите ќе им бидат достапни на акционерите.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно законската обврска за годишно одржување на седница на Собранието на акционерите, Одборот на директори ја донесува оваа Одлука со цел обезбедување на транспарентност во работењето, навремено информирање на акционерите и овозможување на нивно учество во одлучувањето за финансиските извештаи, распределбата на добивката, како и донесувањето на новата стратешка рамка за дивидендната политика на Друштвото за наредниот петгодишен период.

Скопје, 06.05.2026 година

**Одбор на директори:**
**Александар Филиповски**, Претседател и неизвршен член ______________________
**Кирил Филиповски**, Извршен член ______________________________________
**Зоран Димоски**, Неизвршен независен член ______________________________